**З А П И С Н И К**

**од 24-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 21.08. 2023 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 13 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Отсутни беа советниците Лазар Ангелов и Аспарух Москов .

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 24-тата редовна седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година;

2. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2024 година;

3. Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2023 година;

4. Годишен извештај за работата на ООУ“Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2022/2023 год;

5. Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната2023/2024 год;

6. Годишен извештајза работата на ООУ “Страшо Пинџур” Јосифово за учебната2022/2023 година;

7. Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната2023/2024 година;

8. Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2024 година;

9. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2024 година;

10. Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година;

11. Предлог- Одлука за одобрување на финансиски средства наЈП”КомуналенСервис” Валандово;
12. Предлог – Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка заОдржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2023“ во с. Јосифово;
13. Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од Чалакли, Општина Валандово;
14. Предлог – Одлука за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против – пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво

Валандово;

15. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз Крушево за реализација на фестивалот “Доживеј ја соработката”;
16. Предлог – Решение за именување на вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
17. Предлог – Одлука за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово;
18. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Јосифово;

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 13 гласа ЗА беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 30.06.2023 година во отсуство на раководителот за финансии образложение имаше градоначалникот Перо Костадинов.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека не сака да навлегува во бројки, бидејќи се работи за буџет, жива материја која постојано се менува, но тој побара генерално да му се одговори Рече дека на приходната страна има 134 760 000 , а на расходната страна 122 600 000. Разликата од 12 000 000 денари дали тие средства стојат на сметката на ЈП.

Градоначалникот одговори дека доколку општината има дефицит од 30 000 000 денари каде ќе се најдат тие средства во кварталниот извештај.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 4 ПРОТИВ и О ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2024 година беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека бидејќи се работи за донесување на Годишен план за вработување за 2024 година, а веќе претходно имаше измени и дополнувања , може во дискусијата ќе се преповторува. Рече дека освен работните места за пожарникари, сите други планирани вработувања се излишни. Каков зголемен обем на работа има кога градот полека, полека исчезнува, ни се иселува , така да обемот на работата се намалува работата и општинската администрација, тие што се вработени, сега се премногу.

Градоначалникот рече дека се работи за план врз основа на функционална анализа и систематизација на Општина Валандово.Сопред него не мора да значи дека сите вработувања што се планирани, ќе бидат реализирани . Но систематизацијата што е направена и одобрена од Министрееството за информатичко општество врз основа на нивните критериуми според бројот на жители на Општина Валандово, одредени работни места кои се додадени во планот, задолжени сме да ги додадеме . Како

пример го даде работното место инспектор за животна средина. Носењето на планот се прави во овој период и ова е стандардна процедура.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 4 ПРОТИВ и О ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2023 година немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Годишниот извештај за работата на ООУ,,Јосип Броз Тито,, Валандово за учебната 2022/2023 година немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 12 гласа ЗА и 1 изземен.

ТОЧКА 5

По Годишната Програма за работа на ООУ ,,Јосип Броз Тито,, Валандово за учебната 2023/2024 година немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА и 1 изземен.

ТОЧКА 6

По Годишниот извештај за работата на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Јосифово за учебната 2022/2023 година година немаше пријавено за дискусија па истиот беше ставен на гласање и изгласан со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Годишната Програма за работа на ООУ ,, Страшо Пинџур,, Јосифово за учебната 2023/2024 година немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА и 1 изземен.

ТОЧКА 8

По Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ,,Калинка,, Валандово за 2024 година образложение имаше Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА , 4 ПРОТИВ и О ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на културата ,,25-ти Мај,, Валандово Валандово за 2024 година образложение имаше директорот Деан Исиров.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По  Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2023/2024 година  немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

По Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства ЈП,,Комунален Сервис,,  Валандово беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе биде воздржана, бидејќи на Комисијата за финансирање од нивна страна беше предложено да се дадат повеќе средства , бидејќи со 2 000 000 денари само ќе се продолѓи голготата на ЈП. Рече дека во 2017 година  ЈП беше ликвидно претпријатие со долг само од 3 000 000 денари за после 5 години да стане 20 000 000 . се сменија 4 директори  и тие што не беа  успешни беа наградени со нови работни места.. Рече дека се гледа дека ЈП Комунален сервис само тоне и не може да работи како што треба.

Градоначалникот зема збор. Рече дека че се потруди максимално конструктивно да деде одговор на советничката Јулија Тушевска. Рече дека КП Комунален сервис е општинска установа и основна цел на сите е да истото да биде ликвидно и да ги пружи комуналните услуги на граѓаните, што истото и го прави. Рече дека минималната плата од 8 000 денари порасна на 20 000  што предизвика зголемување на расходите на ЈП, енергетската криза и зголемувањето на цената на струјата  исто така. Ја замоли советничката јулија Тушевска да направи анализа на сите ЈП во државата и да види колку долгови имаат тие , а колку ЈП Комунален сервиси да  се извадат и споредат со цените за вода  и комуналните услуги  во другите населени места. Рече дека на наредната  седница на Совет ќе има  одлука за зголемување на цените на вода и комунални услуги и повторно тие ќе бидат најниски . Имаат план за исплаќање на средствата за струја и за плати  во наредниот период. Во моментот се одобрува 2 000 000 денари , а повеќе не може бидејќи потребно е да се направи ребаланс на буџетот. Рече дека ЈП е едно од претпријатијата со најмал долг  и со најниски цени  и апелираше на сите дека без разлика на тоа кој од каде доаѓа , ЈП комунален сервис пружа услуги на сите  и затоа заедничка обврска на сите е да се надминат ови состојби.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека неспорно е тоа што се дава помош , тоа е општинско претпријатие и треба да се помогне. Праша како ќе биде во наредниот период, да се даде јасен план како ќе се движи ЈП во иднина. Не дека со самото тоа што ќе се зголемува цената  истото ќе биде ликвидно, ако се користи за вработивања на партиски кадри кои ќе бидат употребени како гласачка машинерија  поради што е доведено до ова дереџе. Рече дека се бара јасен план за намалување на трошоците за истото  во иднина да стане ликвидно.

Градоначалникот  рече дека не е во ред луѓето да се етикетираат по партиска основа. Таму работат највредните и најчесните работници. Побара од опозицијата да  понуди план.

Претседателот на Советот Владимир Марков го праша советникот Тоше Тодоров да каже дали знае колку вработени има ЈП.

Советникот Тоше Тодоров одговори дека не знае.

Претседателот на Советот Владимир Марков рече дека не е сериозно од негова страна да зборува за пренатрупаност и за премногу вработени, а не се знае колкав е нивниот број.

Немаше други пријавено за дискусија  па Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства ЈП,,Комунален Сервис,,  Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 4 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По  Предлог - Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување  на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2023“ во с. Јосифово немаше пријавено за дискусија па беше ставено на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По  Предлог – Одлуката за одобрување финансиска помош за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на Фатиме Ибраимова од Чалакли, Општина Валандово немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА

ТОЧКА 14

По  Предлог – Одлуката за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинскиот против – пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво
Валандово во износ од 30 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Младински сојуз
Крушево за реализација на фестивалот “Доживеј ја соработката” во износ од 30 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА

ТОЧКА 16

По  Предлог – Решение за именување на вршител на должност член на Надзорниот
одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“
Валандово Надица Недиќ како претседател на Комисијата за мандатни прашања, го пренесе ставот на Комисијата  Катерина Беловинова како предлог на градоначалникот за член на Надзорниот одбор да биде Катерина Беловинова.

Немаше пријавено за дискусија па предлогот бепе ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ  и 4 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлука за донесување план за парцелација за ГП 395 од ДУП
Валандово на дел од КП 3039, КО Валандово Анита Трајкова , вработена во одделението за урбанизам  во Општина Валандово даде образложение.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 18

По  Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските

објекти на подрачјето на населеното место Јосифово, за деновите 26 ти, 27 ми и 28 ми август , немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков